РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинска установа-Дом на културата
„Злетовски Рудар"
Бр. 02-89/1
08.06.2021 год
ПРОБИШТИП

Општинска установа Дом на културата

„Злетовски рудар" – Пробиштип

---

# Програма за работа на ОУ Дом на културата „Злетовски рудар" – Пробиштип со измена и дополнување за 2021 година

Адреса: ул.„Цветко Тонев"бб - Пробиштип

Тел/факс: 032/483-143; тел: 032/482-501

e-mail: dk_probistip@yahoo.com

Општинската установа Дом на културата „Злетовски рудар” се дефинира како установа која се грижи за програмско и функционално поттикнување и развој на културата, особено на творештвото на децата и младината на културно-уметничкиот аматеризам како и за објавување на културно-уметнички дела, како и за вршење на други дејности од областа на културата согласно со Законот.

Институцијата е формирана за постојано подигање на културното ниво на населението во градот како и за зачувување на старите, а исто така создавање на нови вредности и истите ги афирмира и презентира пред населението без разлика дали се работи за групи или поединци.

Поаѓајќи од својата функција утврдена со Закон и Статут во рамките на својата основна дејност ОУ Дом на културата „Злетовски рудар“ - Пробиштип ги врши следните дејности:

- **Сценско-уметничка дејност;**
- **Музичка дејност;**
- **Библиотечна дејност;**
- **Литературна дејност:**
- **Драмска дејност;**
- **Ликовна дејност;**
- **Киноприкажувачка дејност;**
- **Фестивали и манифестации;**
- **Музејска дејност;**

Преку горенаведените дејности всушност се остварува и функцијата на ОУ Дом на култура „Злетовски рудар”. Покрај вработените во институцијата за реализација на овие активности и настани ќе бидат ангажирани надворешни соработници со што се добива на квалитет во реализација на истите.

Во програмата за работа на Домот на културата за 2021 година, предвидените активности и настани ќе бидат реализирани според протоколите дадени од Министерство за култура за секоја дејност, а дел од нив ќе бидат реализирани онлајн. Доколку ситуацијата се врати во нормала активностите ќе се спроведуваат според предвидената програма.

Овој нацрт на програмата е со изменување и дополнување и се однесува за месеците јули, август, септември, октомври, ноември и декември. Мораме да нагласиме дека сите активностите ќе се реализираат доколку дојде до проширување на блок дотацијата за 2021 година и доколку се обезбедат финансиски средства.

Домот на културата „Злетовски Рудар” во 2021 година планира спроведување и реализација на настани и активности од следните дејности.

## I.АМАТЕРСКИ САМОДЕЈНОСТИ

**-Драмска дејност**

**Обновување на Драмското студио ЗЕР** кое работело од самото постоење на Домот на културата. За 2021 година согласно проектните активности ќе се подготват нови театарски претстави, од македонски автори. Ќе биде ангажиран професионален драмски режисер, а актерскиот состав ќе го сочинуваат актери аматери од нашиот град. Предвидени се и гостувања со тие драмски претстави, а за 2021 година исто така се планирани и гостувања на драмски претстави подготвувани од аматерски драмски студија од други градови како и гостувања на професионален драмски театар. Со реконструкција и уредување на кино салата очекуваме подобри услови за работа на аматерското драмско студио и повеќе активност и настани од драмската уметност за следната 2021 година.

**-Музичко фолклорна дејност**

**КУД „Злетовски рудар”** како од своето формирање така и во 2021 година ќе го задржи континуитетот на својата работа, презентирајќи го изворниот и кореографираниот (стилизиран) фолклор и ќе земе учество на многу манифестации, фестивали како во земјата така и во странство. За успешноста на ова културно-уметничко друштво говорат и многубројните награди и признанија на домашен и меѓународен план, а со тоа се потврдуваат и трајните вредности на македонскиот фолклор. Членовите на КУД се распоредени во две групи и со нив работат кореографи, корепетитори како надворешни соработници за кореографиран фолклор. Во претстојната 2021 година планирани се многубројни настапи како во самата општина по повод многубројните празници, манифестации и фестивали така и во други градови низ нашата држава и надвор од неа каде ќе бидат поканети, а со тоа ќе се продолжи и соработката со многу културни уметнички друштва од нашата држава и пошироко.

**Балетското студио “Магија“** во 2021 година ќе продолжи да ги негува модерните танци и се разбира ќе земе учество на сите општински манифестации, државни и меѓународни натпревари како во нашата така и во други држави. Оваа 2020 година балетското студио „Магија” учествуваше на неколку натпревари во модерни танци во нашата држава од кои дел се одржаа онлајн и постигнаа многу успеси. Освоија повеќе први места, многу награди и признанија во различни категории и насекаде успешно и достојно го претставија нашиот град и нашата институција . Следната 2021 година исто така планираме да реализираме уште многу настани и активности од оваа дејност со балетското студио „Магија”.

**-Ликовни дејности**

Ликовната дејност исто така следната година ќе биде застапена во Домот на културата со организирање на многубројни изложби на професионални ликовни уметници, но и на аматери, вљубеници во овој вид на уметност. Централно место во овие настани и се дава на „Лесновската ликовна колонија” која има меѓународен карактер на која се планира да земат учество и да создаваат дела познати ликовни уметници, како од

земјата така и пошироко од регионот. Неколку години во рамки на ликовната дејност во Домот на културата функционира ликовна секција (работилница) со која работи м-р Ѓоко Антониев со цел ликовната уметност да добие поголема димензија во рамките на културното живеење во општината, запознавајќи поголема маса на граѓани со вредности на овој вид на уметнички дела. И во 2021 година оваа секција ќе продолжи да работи при Домот на културата, а учесниците да изработуваат уметнички дела кои ќе бидат изложувани и презентирани и во други градови во нашата држава. Оваа 2021 година планираме проширување на оваа дејност со формирање на уметничко ателје во кино салата.

**-Фестивали и манифестации**

**Детскиот фестивал „Радоста на градот”** постои од 1993 година. Овој фестивал пред сè е наменет за младата публика од Пробиштип, бидејќи на него преовладуваат детски песнички кои се препејуваат од други детски фестивали со балетски кореографии за истите кои ги подготвува балетското студио “Магија” кое работи при Домот на културата.Овој фестивал го организираме на крајот на училишната година се со цел учениците училишната година година да ја завршат со музика и песна.

Фестивалот на пеачи аматери „**Профест**” е и еден од најстарите фестивали во државата и досега бил промотор на многу познати пеачи од нашата естрада и се надевам дека оваа убава традиција ќе продолжи.

**10-ти Јуни** – Ден на културата, следната 2021 година планираме исто така да го одбележиме со богата културна програма со повеќе активности и настани за нашите граѓани.

**Меѓународната соработка** како досега така и во 2021 година продолжува помеѓу нас, соседите и пошироко но може да дојде до измена на гостувањето поради разни објективни или субјективни причини.

**Фестивал на изворна македонска песна**

Оваа година поради пандемијата деветото издание на фестивалот "Етно фестивал" во Злетово не го организиравме,но во 2021 година доколку има услови планираме да го реализираме овој фестивал, на кој секоја година на христијанскиот празник Спасовден земаат учество многу пејачки групи од нашата држава, а централен гостин е учесник од нашата естрада. И во 2021 година планираме да ја продолжиме оваа убава музичка традиција, се со цел да земат учество повеќе музички учесници од повеќе краеви на земјата, негуватели на македонската изворна песна. Со овој фестивал ја негуваме традицијата на македонската песна и македонското оро.

## II. БИБЛИОТЕКАРСТВО

Народната библиотека „Јане Сандански" која е во состав на Домот на културата, покрај изнајмувањето на книги на големиот број на читатели, има и друга културно-образовна дејност и игра голема улога во културното живеење на општината.

**-Набавка на нова литература**

Од самото постоење на библиотеката која има огромен книжевен фонд, сепак истата имаше потреба и оваа 2021 година да го обнови и збогати фондот на книги како лектирни изданија за учениците, енциклопедии за деца и возрасни, сликовници и актуелна литература од домашни и странски автори (стручна литература, белетристика, светски бестселери и др.). Со обновување и збогатување на книжниот фонд и обновување на лектирните изданија за учениците се зголемува бројот на читатели во градската библиотека кои можат да ја користат и читалната за користење и на стручната литература која ја имаме во голем број од сите области на науката.

Покрај тековните активности во библиотеката, по повод месецот на книгата, кој се одржува секоја година од 15 октомври до 15 ноември и во 2021 година е предвидено посета на библиотеката од страна на најмладите читатели, од градинките и основните училишта во општината ,а исто така планираме и награди за најредовните читатели во градската библиотека. Ќе бидат застапени активности на „Млади библиотекари" како и

литературни настапи од членовите на ЛК „Процвет" и одбележување на празници. Следната година планираме и неколку промоции на книги на наши актуелни автори.

## III.ЛИТЕРАТУРНА ДЕЈНОСТ

Своите активности во 2021 година литературната дејност ќе се оствари преку работата на Литературниот клуб "Процвет", преку учество на членовите на литературниот клуб на разни манифестации и тоа гостување на приципот реципроцитет или гостување на поети и писатели од нашата држава. Исто така следната година со литературно читање ќе одбележиме голем број на празници и манифестации. Во следната 2021 членовите на овој литературен клуб ќе продолжат да творат на различни теми и ќе останат на својот трасиран пат кон нови литературни победи.

## IV. МУЗЕЈСКА ДЕЈНОСТ

Во оваа дејност постојано се води сметка за одржување на постоечката минералошка збирка која веќе неколку години е сместена во просторија при Домот на културат, се со цел да биде подостапна за разгледување од страна на посетителите. Во 2021 година е планирано да биде дислоцирана во музејот за ретки минерали кои е во завршна фаза каде и таму преку организации и агенди за посета, сите посетители и туристи ќе имаат можност да ги видат сите овие експонатите од оваа ретка минералошка збирка.

## V. КИНОПРИКАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во 2021 реализација на проектот за подобрување на ентериерно-техничките услови во киното "Рудар" ќе се создадат можности за заживување на киноприкажувачката дејност, со остварување на соработка со кинотеката во нашата држава. Ќе се овозможи организирање на кино-претстави од различни жанрови и различни периоди, како и презентација на најновите филмски остварувања од домашна и странска продукција. Сето ова има за цел да ја врати публиката пред филмското платно. Ќе се остварува и соработка со училиштата од општината за координирање на наставните програми со филмските проекции. Интересот за оваа дејност е голем така да со уредување на кино салата очекуваме во 2021 година повторно да заживее во нашиот град.

## VI.ПОСРЕДУВАЊЕ И ОРГАНИЗАЦИЈА

Од сите активности кои се наведени во сите дејности во Домот на културата, за нивна успешна реализација потребна е посредување и организација. Тоа подразбира ангажирање на надворешни соработници за успешно реализирање на сите активности. Тука мора да се споменат и набавките и печатење на разни плакати и покани. Посредувањата се потребни за реализација на сите културно-образовни настани и збиднувања кои се предвидени со оваа програма.

## VII. АДМИНИСТРАЦИЈА И ТЕХНИЧКО ОДРЖУВАЊЕ

Во текот на 2021 година покрај набавката на канцелариската опрема се планира набавка на други артикли за техничкото одржување кое е неопходно ако се земе предвид дека опремата е веќе застарена и бара постојано обновување.

Табеларен приказ на активности со финансиска имплементација за месеците јули, август, септември, октомври, ноември, декември.

| **Активност** | **Временска рамка** | **Потребни финансиски средства од блок дотации** | |
|---|---|---|---|
| Ангажирање на надворешен соработник, режисер за реактивирање на Драмското студио „ЗЕР“ | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 15.000,00 x 6 месеци= **90.000,00** | |
| Гостување на претстава, комедија | август | **60.000,00** | |
| Гостување на претстава за деца | септември | **50.000,00** | |
| Ангажирање на надоворешен соработник, кореограф за потребите на КУД „Злетовски Рудар“ | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 15.000,00x6=**90.000,00** | |
| Настапи и гостувања на КУД „Злетовски Рудар“ | Континуирано во месеците јули, август, септември, октомври, ноември, декември | **20.000,00** | |
| Репроматеријали | | **50.000,00** | |
| Обновување на традиционалните облеки | | **30.000,00** | |
| Ангажирање на надворешен | Јули, август, сптември, | 15.000,00x6=**90.000,00** | |

| | | |
|---|---|---|
| соработник кој ќе го води Балетското студио „Магија“ | октомври, ноември, декември | |
| Гостувања, настапи на балетското студио | континуирано во месеците јули, август, септември, октомври, ноември, декември | **20.000,00** |
| Транспортни трошоци | | **40.000,00** |
| Доопремување на балетското студио | Ноември, декември | **30.000,00** |
| Ангажирање на надворешен соработник, уметник | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 5.000,00х6=**30.000,00** |
| Отварање на изложби | Јули, август, септември, октомври, ноември, | 5.000х6=**30.000,00** |
| Гостувања во други градови со Лесновската ликовна колонија | континуирано | **10.000,00** |
| Набавување на нова литература | Континуирано во месеците јули, август, септември, октомври, ноември, декември | **50.000,00** |
| Награди за читатели | декември | **10.000,00** |
| Промоции на книги | Септември, ноември | **30.000,00** |
| Обновување на литературен клуб „Процвет“ – ангажирање на надворешен соработник, професор по македонски јазик и литература | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 5.000,00х6=**30.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| Литературни читања | Јули, август | 10.000,00 |
| Одржување на изложбен павиљонот за ретки минерали, ангажирање на надворешен соработник | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 20.000x6=**120.000,00** |
| Одржување на кино салата, ангажирање на надворешен соработник кој ќе биде задолжен за технички работи | Јули, август, септември, октомври, ноември, декември | 20.000,00x6=**120.000,00** |
| Филмска проекција | септември | **20.000,00** |
| Филмска проекција | октомври | **20.000,00** |
| Филмска проекција | ноември | **20,000,00** |
| Фестивал на пеачи аматери „Профест“ | октомври | Оркестар 30.000,00<br>Естраден уметник 20.000,00<br>Жири комисија 30.000,00<br>Водител 10.000,00<br>Награди 10.000 = **100.000,00** |
| Рок свирка | септември | **60.000,00** |
| Вечер на класична музика | август | **60,000.00** |
| Џез свирка | Јули | **60.000,00** |
| Гостување на балетското студио и КУД „Злетовски | Јули | **20.000,00** |

| | | |
|---|---|---|
| Рудар“ во Алексинац, Србија | | |
| Доуредување на галериски простор | Јули | **30.000,00** |
| | | Вкупно:**1.400.000,00** |

Забелешка:

ОУ Дом на културата „Злетовски Рудар – Пробиштип во 2021 година, како и до сега, активно ќе се вклучи како ко-организатор заедно со општина Пробиштип во организирање на неколку културни манифестации, како и оние проекти кои се поддржани од Министерство за култура. Голем дел од планираната програма, а која не е спомената овде, ќе се реализира во текот на 2021 година во соработка со други културни институции и пролагодувања со нивните програми за работа.

ОУ Дом на културата
„Злетовски рудар”- Пробиштип
Директор
____________________
/Сандра Мијалковска/